20261562285

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став (1) од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“ бр.146/09, 53/11, 149/15, 39/16, 132/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21) и член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 јули 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ОРГАНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО ЗА 2026 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2026 година во вкупен износ од 100.000.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25), Раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во понатамошниот текст: Агенцијата), Потпрограма 24, ставка 464 - Разни трансфери ќе се користат според следните мерки и тоа за:

| Број на мерка | Име на мерка | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за органско земјоделско производство (растително и сточарско) | 6.000.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло) | 1.000.000,00 |
| 3. | Финансиска поддршка за трговија или маркетинг на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло | 1.500.000,00 |
| 4. | Финансиска поддршка за посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација | 500.000,00 |
| 5. | Финансиска поддршка за посебни директни плаќања за анализа на производ кај земјоделски стопанства | 1.000.000,00 |
| 6. | Заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2022, 2023, 2024 и 2025 година | 90.000.000,00 |
| | Вкупно | 100.000.000,00 |

II

(1) Средствата од дел I мерка 1 од оваа програма наменети за финансиска поддршка за органско земјоделско производство (растително и сточарско) во вкупен износ од 6.000.000,00 денари ќе се користат за реализација на следните подмерки, согласно поблиските критериуми од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2026 година (во понатамошниот текст: Уредбата):

| Број на подмерка | Име на подмерката |
|---|---|
| 1.1. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за поледелски култури, органски и во преод |
| 1.2. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за лозови и овошни насади, органски и во преод |
| 1.3. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарски култури на отворено и во пластеници, органски и во преод |
| 1.4. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарски култури во контролирани услови, органски и во преод |
| 1.5. | Директни плаќања за обележани женски грла говеда на возраст од 18 до 180 месеци, за сите органски и во преод |
| 1.6. | Директни плаќања за обележани женски грла говеда на возраст од 6 до 18 месеци, за сите органски и во преод |
| 1.7. | Директни плаќања за обележани грла овци постари од 12 месеци, за сите органски и во преод |
| 1.8. | Директни плаќања за обележани грла кози постари од 12 месеци, за сите органски и во преод |
| 1.9. | Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство за сите органски и во преод |

(2) Корисници на средства од подмерка 1.1. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 1.1. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 3.000,00 денари по хектар во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.1. алинеја 5 од Уредбата, со исклучок на тутунот, за 6.500,00 денари по хектар за подмерката 1.1. алинеја 6 од Уредбата и за 5.250,00 денари по хектар за подмерката 1.1. алинеја 7 од од Уредбата.

Висината на поддршката од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: до 50 ха се исплаќаат 100%, од 50 ха до 100 ха 60% и над 100 ха 30% збирно за сите култури.

(3) Корисници на средствата од подмерка 1.2. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 1.2. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 29.400,00 денари по хектар во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.2. алинеја 3 од Уредбата, за 25.900,00 денари по хектар за подмерката 1.2. алинеја 4 од Уредбата, за 23.800,00 денари по хектар за подмерката 1.2. алинеја 5 од Уредбата, за 17.500,00 денари по хектар за подмерката 1.2. алинеии 6 и 7 од Уредбата и за 8.400,00 денари по хектар за подмерката 1.2. алинеја 8 од Уредбата.

Висината на поддршката од оваа подмерка, за овошните култури се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: до 5 ха се исплаќаат 100%, од 5,1 ха до 30 ха 60% и над 30 ха 30%, а висината на поддршката за лозови насади од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: до 10 ха 100%, од 10 ха до 30 ха 60% и над 30 ха 30%.

(4) Корисници на средства од подмерка 1.3. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на подмерката 1.3. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 30.000,00 денари по хектар во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.3. алинеја 3 од Уредбата и за 12.000,00 денари по хектар за подмерката 1.3. алинеја 4 од од Уредбата.

Висината на поддршката од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,3 ха до 10 ха се исплаќа 100%, од 10 ха до 50 ха 60%, од 50 ха до 100 ха 30% и над 100 ха 10% збирно за сите градинарски култури.

(5) Корисници на средства од подмерка 1.4. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на подмерката 1.4 од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 84.000,00 денари по хектар во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.4. алинеја 1 од Уредбата.

(6) Корисници на средства од подмерка 1.5. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на подмерката 1.7. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 4.000,00 денари по обележани женски грла говеда на возраст од 18 до 180 месеци, за сите органски и во преод во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.7 алинеја 4 од Уредбата.

Висината на поддршката од оваа подмерка се намалува со зголемување на бројот на обележани грла и се пресметува скалесто и тоа: од 3 грла до 100 грла се исплаќа 100%, од 101 грла до 150 грла 70%, од 151 грла до 300 грла 40% и над 301 грла 20%.

(7) Корисници на средства од подмерка 1.6. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на подмерката 1.8. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 1.500,00 денари по обележани женски грла говеда на возраст од 6 до 18 месеци, за сите органски и во преод во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.8. алинеја 2 од Уредбата.

(8) Корисници на средства од подмерка 1.7. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници од подмерката 1.9. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 1.500,00 денари по обележани грла овци постари од 12 месеци, за сите органски и во преод во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.9. алинеја 4 од Уредбата.

(9) Корисници на средства од подмерка 1.8 на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници од подмерката 1.10. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 1.500,00 денари по обележани грла кози постари од 12 месеци, за сите органски и во преод во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.10. алинеја 2 од Уредбата.

(10) Корисници на средства од подмерка 1.9. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници од подмерката 1.12. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 300,00 денари по презимено пчелно семејство за сите органски и во преод во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.12. алинеја 2 од Уредбата и за 100,00 денари за повеќе од 50 презимени пчелни семејства за подмерката 1.12. алинеја 3 од Уредбата.

III

(1) Средствата од дел I мерка 2 од оваа програма наменети за финансиска поддршка за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло).

(2) Корисници на мерката 2 од дел I од оваа програма се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат произведено преработки од примарни земјоделски органски производи или производи во преод од домашно потекло или пак имаат извршено доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло и истите ги имаат продадено.

(3) Корисници на мерката 2 од дел I од оваа програма се и земјоделски стопанства – производители на органско кравјо, овчо и козјо млеко регистрирани како одгледувачи на говеда, овци и кози, како и производители на сирење добиено од органско млеко од овци и кози/мандри.

(4) Висината на директните плаќања за мерката 2 од дел I од оваа програма изнесува 10% од вредноста на произведените и продадени производи, но не повеќе од 150.000,00 денари по оператор и 30.000,00 денари по сертифициран органски производ или органски производ во преод од домашно потекло, за не повеќе од пет сертифицирани органски преработени производи.

IV

(1) Средствата од дел I мерка 3 од оваа програма се наменети за финансиска поддршка за трговија или маркетинг на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло.

(2) Корисници на мерката 3 од дел I од оваа програма се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои вршат трговија или маркетинг на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло.

(3) Висината на директните плаќања за мерката 3 од дел I од оваа програма изнесува 5% од вредноста на продадените производи, но не повеќе од 150.000,00 денари по оператор.

V

(1) Средствата од дел I мерка 4 од оваа програма се наменети за финансиска поддршка за посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација.

(2) Корисници на мерката 4 од дел I од оваа програма се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи од областа на органското земјоделско производство кои имаат добиено сертификат од овластено тело во 2026 година.

(3) Висината на директните плаќања за мерката 4 од дел I од оваа програма изнесува 50% од трошоците за добиен сертификат издаден од овластено тело во 2026 година.

VI

(1) Средствата од дел I мерка 5 од оваа програма се наменети за финансиска поддршка за посебни директни плаќања за анализа на производ кај земјоделски стопанства.

(2) Корисници на мерката 5 од дел I од оваа програма се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат извршено анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и други материи на органските производи во 2026 година.

(3) Висината на директните плаќања за мерката 5 од дел I од оваа програма изнесува 80% од трошоците за анализа без данок на додадена вредност, но не повеќе од 12.000,00 денари по земјоделско стопанство и/или откупувач.

VII

(1) Корисници на директните плаќања на подмерките од дел I мерка 1 од оваа програма се земјоделските стопанства кои имаат сертифицирано растително и/или сточарско органско производство и/или производство во преод согласно Законот за органско земјоделско производство.

(2) Директните плаќања од дел I мерки 1, 2, 3, 4 и 5 од оваа програма ќе се реализираат со поднесување на барање за финансиска поддршка до Агенцијата, согласно Уредбата.

VIII

Средствата од дел I мерка 6 од оваа програма се наменети за исплата на заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2022, 2023, 2024 и 2025 година.

IX

(1) Крајниот рок за поднесување на барањата за директни плаќања во органското земјоделско производство за 2026 година за мерката 1 од дел I од оваа програма, односно подмерките од дел II од оваа програма се утврдени во Уредбата.

(2) Крајниот рок за поднесување на барањата за директни плаќања во органското земјоделско производство за 2026 година за мерките 2, 3, 4 и 5 од дел I од оваа програма е 25 декември 2026 година.

X

Исплатата на средствата од оваа програма по корисници ја врши Агенцијата.

XI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 57-4434/10
7 јули 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.